romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest I Educate I Engage

This Project is funded by the European Union

# ПОВИК ЗА ТУТОРИ

Во рамките на
проектот:
„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за ТУТОРИ за успешно транзитирање на средношколците во следната учебна година или за полагање на државна или училишна матура, во период од Ноември 2024 - Февруари 2025 година (два месеци), преку индивидуална туторска програма подготвена од страна на туторот и средношколецот/туторираниот.

## Опис на активноста туторство

Туторството претставува можност за средношколците Роми да соработуваат и бидат туторирани од страна на тутор кој ќе им помогне за успешно транзитирање во следната учебна година или за полагање на државна или училишна матура, а со тоа и завршување на средното образование. Временската рамка за реализирање на туторските средби е од Ноември 2024 - Февруари 2025 година (два месеци).
Во рамките на проектот „Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“ е предвидено туторирање на 10 средношколци Роми за што е потребно ангажирање на најмногу 10 лица (тутори) кои треба да работат со најмногу двајца средношколци.
Туторството е дополнителна академска помош и поддршка за средношколците Роми преку одржување на индивидуални часови на туторот и ученикот за одреден наставен предмет за договорени наставни содржини, во договорени датуми, времетраење и место на одржување.
Целта на туторството е да им помогне на средношколците Роми успешно да ги совладаат знаењата и да ја поправат оценката по одреден предмет по кој имаат одредени потешкотиии во совладувањето на материјалот за да транзитираат во следната учебна година или да положат државна или училишна матура, со цел успешно завршување на средното образование. Дополнително, една од стратешките цели на оваа активност е да им помогне на учениците Роми успешно да го завршат средното образование и да се запишат на факултет. За еден наставен предмет треба да се одржат најмалку 8 туторски часови месечно (1 час = 45мин).
Пријавените тутори ќе бидат регистрирани во базата на тутори за академската 2024/2025 година и ќе бидат понудени за туторски ангажман во текот на академската 2024/2025 година само доколку учениците Роми во нивното барање за туторство не предложат тутор или нивниот предложен тутор не ги исполнува условите за тутор.

**Работни задачи и надоместок на тутори**

Сите ангажирани тутори кои ќе одржуваат туторски часови ќе треба:
- да подготват план на туторски часови во соработка со ученикот;
- да реализираат туторски часови според планот;
- да подготват и достават извештаи за реализираните туторски часови.

*** Селектираните лица ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на нивните работните задачи во временската рамка за реализирање на туторството, туторите ќе добијат авторски надоместок во бруто износ од 50 евра месечно, во денарска противвредност.

**Кандидати за тутори може да бидат:**

- Универзитетско образование
- Работно искуство со ученици
- Предност искуство со маргинализирани ученици
- Добри комуникациски вештини со ученици и маргинализирани родители
- Разбирање на бариерите за образование и вработување со кои се соочуваат Ромите

**Како предност се смета:**

- Туторите кои биле вклучени во проектните активности во учебната 2023/2024;
- Туторите кои веќе имаат предлог средношколец/ка за туторирање.

**Потребни Документи за пријавување за ментор**

За пријавување за тутор треба да се достават следните документи:
- кратка биографија и
- мотивационо писмо.

**Потребни Документи и начин за пријавување за учество во активноста менторство**

Потребните документи да бидат испратени најдоцна до 30 Ноември 2024 на меил адресата kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или директно во канцелариите на Ромаверзитас

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.